УП1 бр. 14-1020
10.09.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Граѓанско право, Казнено право, Административно право и јавна администрација, Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија и Финансии и деловно право на Факултетот за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Граѓанско право, Казнено право, Административно право и јавна администрација, Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија и Финансии и деловно право на Факултетот за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Меѓународниот Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, се обрати со барање бр. 03-193/1 од 13.05.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1020 од 17.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Граѓанско право, Казнено право, Административно право и јавна администрација, Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија и Финансии и деловно право на Факултетот за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, акредитирани со Решенија за акредитација бр. 20-14/6, бр. 20-14/7, бр. 20-14/5, бр. 20-14/8 и бр. 20-14/9 од 03.03.2017 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, како и известување од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование бр. 1404-296/1 од 11.06.2019 година во кое е наведено дека Решенијата за горенаведените студиски програми се за период од 5 години.

Министерството за образование и наука, со Решение УП 1 бр. 14-1020 од 03.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 25.07.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1020 од 31.07.2019 година, каде е наведено дека за студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Граѓанско право, Казнено право, Административно право и јавна администрација, Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија и Финансии и деловно право на Факултетот за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива
Подготвил: Билјана Зафировска
Контролирал: Снежана Д...вска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: Dr. Agim Rushiti